**Додаток А09**
**Правилник за автоспортови**

Одбор за автоспортови на АФМ распишува шампионат на Република Македонија во автослалом во тек на 2017. година, според одредбите на овој Додаток на Правилникот за автоспортови на АФМ, Меѓународниот спортски правилник на FIA-е (ISC), како и Правилникот за автослалом во склоп на земјите од CEZ.

Член 1.

Првенството на Република Македонија во автослалом составно е натпреварување, кај кое се бодува секое поедино натпреварување, а потоа се собираат бодовите во склад со одредбите на овој Додаток, се прогласуваат резултатите на најуспшните возача, тимови и екипи на клубови, како на секоја приредба посебно, така и на крајот на сезоната вкупно.

## Услови за натпреварување

Член 2.

Секое поедино натпреварување во поглед на спортските елеменати ќе ги исполнуваат следните услови:
- поединечен тренинг
- три возења
- се бодуваат две подобри возења
- квалификациско возење
- ако се прекине натпреварувањето под повисока сила а извозени се две возења, се бодуваат двете возења
- ако се прекине натпреварувањето поради повисока сила а извозено е едно возење, се бодува едно возење
- подлогата на која се одвива натпреварувањето мора да биде на асфалтна или бетонска, макадамска подлога не е дозволена
- помеѓу две возења ќе има пауза од најмалку *5* минути

Да би се бодувало натпреварувањето за распишаното Првенство, техничкиот прием и верификација мора да се изврши најмалку за 30 возачи/ци, со исклучок на последното натпреварување во Првенството кое ќе се бодоваат без оглед на бројот на возачи/ца.

Натпреварувањето кое се одржува во еден ден (**сабота или недела**), не може да започне порано од 07ч. во летно сметање на времето или 08ч. во зимско сметање на времето.

Натпреварувањето кое се одржува во два дена, не можат да започнат порано од 18ч. во приот ден.

Во натпреварувачката сезона **2017.** Предвидени се __________ натпревари кои ќе се бодуваат за **П на РМ.** Најслабо оценетото натпреварување по завршување на натпреварувачката сезона ќе биде заменето со надобро оценетиот кандидат на отвореното Регионално натпреварување во натпреварувачката сезона, под услов да таа оценка биде подобра (повисока) од најлошата (најмалата) оценка на организацијата на натпреварот во натпреварувачката сезона која се бодува за П на РМ.

**Организаторот на отвореното Регионалното натпреварување мора да ги исполни следните услови за кандидирање за натпревар:**

1. Д а ја истакне кандидатурата за натпреварувањето (упишување во календарот на натпревари за предстојната натпреварувачка сезона).
2. Посебен правилник на натпреварот и елаборат за патеката да се достави на заверка во предвидениот рок.
3. Да ги исполни сите прописи по Правилникот за Автоспортови и Додатокот за А09.

Ако повеќе организатори пријават кандидатура за повисок ранг на натпреварување (П на Р.М) предност при впишувањето ќе имаат организаторите со подобра (повеќе бодови) оценка.

**Систем на бодување**

Член 3.

Се бодува и се наградува:
- поjединечен редослед на возачи-ци за секоjа распишана класа
- вкупен редослед на возачи-ци
- вкупен редослед возачици
- вкупен редослед возачи-ци до 23 години
- редослед на тимови
- редослед на екипи на клубови
- За редослед во класите, вкупен редослед на секое поединечно натпреварување, возачици, возачи, возачи-ци до 23 години, тимови и екипи на клубови, добиваат-бодови според следната таблица:

| Место: | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бодови: | 20 | 15 | 12 | 10 | 8 | 6 | 4 | 3 | 2 | 1 |

Редоследот на возачи-ци на краот на секе поедино натпреварување се одредува според вкупниот броj на казнени бодови. Подобро место завзема возач-цата со помал броjна казнени бодови. Во случаj да два или повеќе возачи-ци имаат ист броj на казнени бодови, подобар во поредокот ќе биде оноj возач коj во генералниот пласман во првото возење има подобар резултат, ако е и тоа исто, се смета резултатот од второто возење и така по ред.

Член 4.

**Државни прваци ќе бидат** прогласени побjедници во **класите** во вкупниот поредок на **возачи-ци**. Поредокот ќе биде одреден по основ на броjот на позитивни бодови од ________ оджани натпревари намелени за **едно (1)** натпреварување.
Доколку се одржат и бодуваат **8**, **7, 6, 5, 4** или **3** натjецања, се сметаат бодови од сите натпревари.
Ако се одржат помалку од три натпревари првенството нема да биде прогласено.

**А.**
На Државниот првак во вкупен поредок во група 1, 2 и 3, jуниорска конкуренциjа и конкуренциjа на возачици поредокот ќе биде одреден на основ на збриот на бодови од сите одржани натпреварувања намалено за едно (?) натпреварување.
**Б.**
На Државниот првак во вкупниот поредок, во jуниорска конкуренциjа и конкуренциjа на возачици, поредокот ќе биде одреден на основ на збриот на бодови од сите одржани натпревари.

Поредокот на екипи на клубови и тимови ќе биде одреден на основ на збирот на бодови од сите одржани натпревари.

**Услови за екипи на клубови**

Член 5.

Да би се на поедино натпреварување добил збир на позитивни бодови на клубовите учесници, не е потребно посебно да се приjават екипите на клубови.
Бодовите од три наjдобри пласирани возачи од еден клуб освоени во класите, ќе бидат собрани, така да на тоj начин ќе се добие поредокот на екипи на клубови. Клубовите се бодуваат на секое натпреварување, без оглед на броjот на клубови учесници, така да на краjот на натпреварувачката сезона се прогласува наjуспешена екипа на клубови на темел на збриот од сите освоени бодови на сите натпреварувања во текот на сезоната.
Ако на поедино натпреварување или на краjот на сезоната се случи да две или повеќе екипи на клубови имаат ист броj на бодови, подобро пласираниот ќе се добие на ист начин како и при пресметување на тимовите.

**Тимовите** се бодуваат на секое поедино натпреварување без оглед на броот нај пријавени тимови на истото. Меѓутоа, задолжителна е пријава на тим најкасно при верификација на документите.

**Услови за автомобилите**

Член 6.

Според работната зафатнина на моторот, автомобилите ќе бидат поделени во следните групи и класи:
**Група I** сериски автомобили
класа 1 - до 1200 ццм
класа 2 - од 1200 до 1600 ццм
класа 3 - повеќе од 1600 ццм
**Група II** спринт автомобили
класа 4 - до 1200 ццм
класа 5 - од 1200 до 1600 ццм
класа 6 - повеќе од 1600 ццм
**Група III** спортски автомобили
класа 7 - до 1200 ццм група (N,A,H,E)
класа 8 - од 1200 до 1600 ццм група (N,A,H,E)
класа 9 - повеќе од 1600 ццм група (N,A,H,E)
Се најавува можна промена на класи за 2011**.** година.

**Стартни броеви**

Член 7.

**Возачите сами си ги осигуруваат стартните броеви.** Натпреварувачките броеви мораат да бидат од **црна боја** на бела четириаголна подлога и да се во облик "**Arial Bold".** Кој автомобилите со светла боја, околу белата четитиаголна подлога треба да биде обележана со црна трака. Димензиите на подлогата се **29 x 42** см ширина. Висината на бројевите е **21** см.
На возачот кој од било која причина ја менува класата во однос на натпреварувачката сезона 2010.,ќе му се додели нов стартен број по кронолошки ред во класата која ја одбрал.
Возачот кој не настапува на **првите два натпревари** го губи правото на доделување на стартен број.
Возачот кој во текот на натпреварувачката сезона ја менува класата или групата го задржува доделениот стартен број од почетокот на натпреварувачката сезона.
Во случај кога два возачи настапуваат со еден автомобил се препорачува да стартните броеви бидат изработени на магнетна фолија или на некој друг прифатлив начин, поради тоа што би требало да се овозможИ брзапромена на истите.
Организаторот на CEZ натпреварување е должен да обезбеди стартни броеви само за возачите кои доаѓаат од земјите на CEZ. Попис на тие возачи, со назнака на група во која настапуваат, потребно е да се достави до секретаријатот на АФМ поради информации со кои стартни броеви возачот ќе настапи на предметното натпреварување.
Ако во поедина класа не останат слободни стартни броеви, ќе се доделат броеви од **311** до **349**, со кронолошки ред без обзир на класата.
Возачите кои настапуваат исклучиво на натпреварувања во регионалното првенство или првенството на град Скопје во автослалом, кое се одржува заедно со натпреварувањето за CEZ или ПМ, ќе носат број од **350** па натака, по кронолошки ред, без оглед на класата, групата или групата во која се натпреварува. Бројот го одредува **организаторот на предметното натпреварување.**
Возачите кои од лични причини не сакаат да го користат доделениот стартен број, за натпреварувачката сезона 2017. може да побараат промена на истиот. Промената ќе се изврши на начин што ќе се додели првиот слободен стартен број во класата вокоја што ќе се натпреварува.
**Автомобилите ќе бидат означени со стартни броеви на следниот начин:**

А.
По минатогодишниот резултат во класа првите десет.
Б.
За вкупен поредок од 1 до 10
за класу 1 од 100 до 199 (првих 10 од 101 до 110)
за класу 2 од 200 до 299 (првих 10 од 201 до 210)
за класу 3 од 300 до 399 (првих 10 од 301 до 310)
за класу 4 од 400 до 499 (првих 10 од 401 до 410)
за класу 5 од 500 до 599 (првих 10 од 501 до 510)
за класу 6 од 600 до 699 (првих 10 од 601 до 610)
за класу 7 од 700 до 799 (првих 10 од 701 до 710)
за класу 8 од 800 до 899 (првих 10 од 801 до 810)
за класу 9 од 900 до 999 (првих 10 од 901 до 910)

## Редослед на стартот

Член 8.

На првиот натпревар во годината организаторот е должен да го одреди редоследот на стартот, по основ на стартните броеви според остварениот пласман на крајот од минатата сезона во класата.
На останатите натпревари редоследот на стартот го одредува моменталниот редослед според збирот на освоени бодова во класата. Одстапување во редоследот на стартот дозволено е во случај кога два возача настапуваат со ист автомобил.
Се стартуваод место со замален мотор. Автомобилите стартуваат во интервал од најмалку **20 секунди** (интервалот за старт може да биде променлив а го одредува директорот на натпреварот.
Редоследот за стартување на тренингот се одредува по основ на Листата на пријави или посебно изработена Стартна листа. Начинот на стартот на тренингот задолжително да се наведе во Посебниот правилник на натпреварот.
Возач-иците кои закасниле на техничкиот прием до 60 минути и повеќе организатор **не е должен** да обезбеди посебно време за тренинг вон предвиденота сатница за изведување на истиот.
Редеоследот на стартот на I, II, и III возење се одредува на основ на објавената Стартна листа најдоцна до 30 минута пред стартот на првото возење.
А.
Редоследот на стартот на третото возење се одредува на основ на збриот на резултатите од првото и втпрото возење. Тоа се однесува на првите три возач-ицу со вкупен редослед во грипа 1, 2 и 3. Ќе стартуваат на крајот на третото (3) возење од полошиот резултат според подобриот почнувајки од групата 1, 2, и 3.
Б.
Тоа се однесува на првите 10 возач-ици од вкупниот поредок. Ќе стартуваат на крај од третото (3) возење од полошиот резултат накај подобриот.
Во случај кога два возачи настапуваат со едно возило ќе стартува прв оној који има послаб резултат. Организаторот мора да обезбеди доволно време помеѓу возењата за да возачот може да го превземе возилото и да ја подеси потребната опрема.
Ако возач-ици од било која причина не сака да настапи помеѓу последните девет (или десет) возач-ици на горе наведениот начин, мора тоа да го најави на директорот на натпреварот (10) десет минути пред стартот на третото возење. Во тој случај ќе настапи во својата класа, а на основ на Стартната листа за третото возење.
Возач-иците кои закасниле на стартот на поедино возење ќе чекаат најмногу една минута, по истекот на времето ќе се смета дека возач-ицата се откажале од тоа поедино возење.

## Услови за возачите

Член 9.

Право на учество на натпреварите за првенството на Република Македонија имаат сите лица кои поседуваат возачка лиценца, важечка полиса за осигурување,

лекарски картон заверен за натпреварувачката сезона или потврда за извршен лекарски преглед на самиот натпревар а пед пристапување на верификација. Организатор на натпреварот може да предвиди додатни лекарски преглед на возачи во времето помеѓу техничкиот прием и верификацијата.
Со еден автомобил можат да настапуваат, **два возачи.**
Во случај на утврдена техничка неисправност, било по барање на прегледот од жирито или од поединечен приговор на возило а се однесува на визуелен преглед, тежината на возилото, неисправност на гориво, итх. ќе биде санкциониран возач-ицата кои во тој момент настапил со тоа возило.
Во случај на утврдена техничка неисправност во однос на силата на моторот и зафатнината, ќе бидат санкционирани двата возачи.
Во случај на дефект на автомобилот, возачот нема право да настапи со друг автомобил во таа класа.

**Сигурност на возачите**

Задолжителна е употреба на кацига. Употребана визирот на кацигата или тркачи заштитни наочари, ако предното стакло на возилото е отворено или ако воопшто го нема.
Прозорот на страната на возачот мора да биде затворен.
Задолжителна е употреба на сигурносни појаси.
Задолжителна е употреба на облека со долги ногавици и ракави.
Задолжителна е употреба на возачки ракавици.
**Се препорачува употреба на комбинезон** (не е услов да биде хомологиран).
Сите возачи настапуваат на сопствена одговорност, морална, материјална и кривична, што го потврдува со потписот на пријавата. Организатор не прифаќа одговорност над возачите за евентуални повреди и штети нанесени на себе, на трети лица, возилата или објектите.

**Пријавување и стартарина**

Член 10.

**Збирна пријава**

Возач-ици се пријавуваат еднаш со пријава на сите натпревари предвидена во текот на натпреварувачката сезона. Збирната пријава не го задолжува да настапи на сите предвидени натпревари. Возач-ици кои се вклучуваат во текот на натпреварувачката сезона како и ја исполнува збирната пријава за тоа и преостанатите натпреварувања.
Сите возачи мораат да бидат уредно пријавени на секое поедино натпреварување до организаторот во рок пропишан со Посебниот правилник, а најдоцна 15 дана пред почетокот на истиот.
Пријавите се поднесуваат на пропишаниот образец за дисциплината А09, мора да бидат составен дел од Посебниот правилник.
Возач-ицата кои сакаат да се натпреваруваат во конкуренција до 23 годинe старост, мораат тоа да го назначат во пријавата за натпреварување.
Измената на податоците во пријавата (возачи- ици, автомобили, класа, група, Јуниор, Клуб, Тим и сл.), мораат исто така да се извршат во роковите наведеним во Посебниот правилник.
Сите пријави или измени кои ќе пристигнат со задоцнување а пред објавата на ЛИСТАТА НА ПРИЈАВЕНИ, организаторот може да ги достави до жирито на натпреварот, како истото би донело финална одлука за евентуално настапување на задоцнетите возачи-ици.
Прифаќањето на задоцнетите пријави, (пријавите кои стигнале по времето наведено во Посебниот правилник, а пед објавувањето на Листата на пријавени) организаторот на натпреварот може да учествува со уплата на двоен износ за стартнинуаод предвидениот во Посебниот правилник за натпреварот.
Во случај на спор околу почитување на роковите, меродавен е датумот на поштанскиот жиг на испраќање на поштата. По заклучување на приемот на пријави, организаторот на натпреварот ги известува сите клубови на пријавените возачи кои ги примил на натпреварувањето и составувањето на попис на пријави со стартни броеви.

Стартнината за возачи-ки се уплатува во рок предвиден со Посебниот правилник, во износ од **2.000,00** денари на жиро сметка на организаторот. Потврдата за уплатената стартарина секој од пријавените возач-ици (или во име на возач-ици матичнот клуб уплатувач на поединечната стартарината или групната задолжен е по факс или преку е-маил пред затварање на листата за пријави на Организаторот на натпреварувањето да му ја предочи (достави) копијата од уплатата. Истата мора да ја поседува на Верификацијата во случај на потреба.
Во случај на недоаѓање на старт, организаторот го задржува износот од стартнината во циелост. Ако дојде до откажување на натпреварот, организаторот е должен полниот износ од стартнината да го врати на уплатувачите во рок од **10** дана по објава за откажување на натпреварот. Во спротивно, секретарот на натпреварот подлига на дисциплинска пријава.

**Технички прием и преглед**

Член 11.

**Технички прием:**
Технички прием на натпреварувањто ќе се одвива според одредбите од Посебниот правилник на организаторот. При пријавување на натпреварувањето возачите и натпреварувачите под полна одговорност, потпишуваат пријава, гаранција дека нивниот автомобил одговара на класата за која го пријавиле, така да се спремни да прифатат полна одговорност и одговарачки казни ако се докаже спротивното.
Техничкиот прием пед стартот е основна природа (проверка на сообраќајната дозвола, натпреварувачката книшка на автомобилот, видот на автомобилот, типот, класата).
Техничкиот прием не може да се изврши на возило со било каква дополнителна опрема на кровот.
Ако прегледаните автомобили не одговараат на класата за која се пријавени, жирито на натпреварот може, но И не мора, да дозволи настап со тој автомобил во некоја друга класа за која наведениот автомобил ги исполнува потребните услови.
Возачите и автомобилите кои доаѓаат на технички прием вон времето предвидено со Посебниот правилник за таа класа, ќе се наплати парична казна според одредбите на овој Правилник.
**Технички преглед:**
Дополнителна проверка на возачи и технички преглед на автомобилите, можат да бидат извршени во било кое време во текот на натпреварот. Возачот-ицата се одговорни за исправноста на својот автомобил додека трае натпреварувањето. Организаторот на натпреварувањето мора да обезбедат дополнителни, издвоен и ограден теноќе одреди возила кои ќе бидат прегледани после секоје поедино возење. Техничкиот преглед на возилата

**Известувања**

Член 12.

Организаторот на натпреварувањето мора најкасно на втората (пред почетокот на првото возење) седница на спортската комисија да ги предочи следните известувања:
1. Известување за извршениот технички прием, прегледот текот на натпреварувањето и завршниот тех. преглед на автомобилите.
2. Известување од верификационата комисија, табеларен приказ (број на возачи-ици по класи кои успешно ја извршиле верификацијата, ---број на дупли возачи-ици по класи, број возачици по класи и вкупно, бројна јуниори по класи и вкупно, број -----на тимови со назначен број на тимска лиценца и стартни броеви кој настапуваат за поединен тим, број на возачи-ици кои ----не пристапиле или не поминале верификација поради одредени неправилности.
---Ако натпреварувањето се бодува за повеќе првенстава (CEZ, регионално првенство, првенство на град Скопје) известувањето мора да биде ---изработено за секое натпреварување посебно.

3. Известување од лекарот (пред натпреварот) и здравствената екипа (по завршувањето на натпреварот).
4. Известување од водителот на просторот за завршна контрола на автомобилите (број на автомобили кои влегле во просторот за завршна -----контрола и кога).

## Тркалиште

Член 13.

Просторот на кој се одвива натпреварот го нарекуваме тркалиште.
Минимална ширина на тркалиштето е 5 метри.
Минимална должина на тркалиштето е 1000 м, а максимална должина 3000 м.
Скица на тркалиштето во заокружени мерки со вцртани позиции за старт, врати, чуњеви во низ, како и целната позиција, мора да бидат составен дел од Посебниот правилник на натпреварот.

**Црти:**

Цртите пред стартот, стартот и целта мораат да бидат означени со уочлива боја со ширина 5 см.
Пред стартната црта мора да биде со должина од 1 метар, одалечена 1 метар од стартната црта. Автомобилот мора да биде поставен паралелно со пред стартната црта со својот преден дел, а со своите бочни страни поставени вертикално.

**Чунови:**

Чуновите мораат да бидат од стожаст облик од гума или пластика, со висина од 30-50 см.
Квадратни или округли бази со означени места на кои се наоѓаат чунови.
Чуновите кои автомобилот ќе ги поминува во текот на возењето, од лева страна на автомобилот мора да бидат од плава, а на десната страна со црвене боје.
Минимално 8 (осум), максимално 20 (дваесет) чунови во низ.
Пар чунови во низ се смета за една порта.
Растоанието на чуновите во низ не смее да бидат помало од 10 (десет) метри.
Чунови во низ (слалом), не мораат да бидат на иста одалеченост.
Се смета дека чунот е помрднат ако е соборен или толку помместен да е видлив необоениот дел од базата на која чунот стои.
Ако чунот по неговото рушење оди било која причина се врати на означеното место, се смета дека чунот е соборен.

**Порта:**

Поминувања од секој вид освен тие кои се поместуваат.
Минимална ширина на портата е 3м, максимална ширина на портата е 4 м.
Минимално **30** порти, максимално **50** порти на **1000** метри должина на тркалиштето.
Растоанието на портите не смее да биде помало од 10 (десет) метри (мерено од најблиските чунови).
Сите порти на едно натпреварување мора да бидат со иста ширина.
Пар чунови во низ се сметаат како една порта.
Правите делници не смеат да бидат подолги од **150** м.
Цилта мора да бити најмалку 15 м по задната промена насмерот.
После целта мора да постои рамна зона за успорување со минимална должина за два пати поголема од должината помеѓу последата промена на смерот и целта. Подлогата за застанување мора да биде истоветна како и тркалиштето.
Препреките (ивичњак, ограда,засек) мораат да бидат одалечени минимално 0,50 (пола) метри од обете страни на портите.

**Квалификациско возење**

Во случај да техничкиот прием и верификација го извршат повеќе од **120** возачи-ици жирито на натпреварот **може** првото возење на предметниот натпревар да го прогласи за **квалификациско.**
Услов за продолжување на натпреварот ќе биде резултат од првите **10** возачи-ици во класата. Останатите слободни места до 90 ќе ги пополнат од вкупниот редослед.

## Мерки на обезбедување на тркалиштето

Член 14.

Мерки на обезбедување на тркалиштето се опишани со ЕЛАБОРАТОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРКАЛИШТЕТО, го изработува организаторот на поединото натпреварување и со Посебен правилник за натпреварувањето го доставѕва на увид.

ЕЛАБОРАТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ТРКАЛИШТЕТО мора да содржи:

1. Увод
2. Тркалиште (опис, скица, одалеченост помеѓу портите-чуновите)
3. Оперативен простор (уред на натпреварот, технички прием, верификација, доктор, парк за возачи, приклучок за струја, приклучок за вода) ----огласни табли, WC, посуда за одлагање на нафтени деривати, угостителски објект)
4. Предстартен простор (мерна служба, интервентна служба)
6. Судиски зони (попис на судии, опрема на судиското место,)
7. Редарска служба
8. Простор за контрола на автомобилите во текот на натпреварот (скица, опис)
9. Гледачи
10. Завршни одредби

**Огласни табли**

Член 15.

Огласната рабла мора да биде сместена пред уредот на натпреварот или во непосредна близина. Ако паркот за возачит е одалечен повеќе од 200 метри од уредот на натпреварот тогаш е потребно да се постави огласна табла и во паркот за возачи. Огласната табла мора да биде со минимални големина в. 1,20 x ш. 2,00 м, и поставена минимално на 1 м. од тлото. Поради подобра уочливост се препорачува темна подлога на огласната табла. Ако при изведбата на натпреварот е предвидено да возач-ицата по поминувањето на целта престојуваат во паркот за возач-ици повеќе од 20 минути, потребно е у тој простор да се постави огласна табла. Ако е со изведбата на натпреварувањето предвидено да возач-ки со поминување низ целта престојуваатм во паркот за возачи повеќе од 20 минути потребное во тој простор да се постави огласна табла, угостителска садржина и WC.

Ако натпреварот се бодува за повеќе првенстава потребно е за секое натпреварување да се постави дополнителна огласна табла.

**Сигнализација**

Член 16.

На тркалиќтето се користат следните знамиња:

1. На стартот на слаломот - Национално знаме (примерна големина) или семафор
2. На тркалиштето - црвена (останатите знамиња според Правилникот за автоспортови)

**њеерење на време**

Член 17.

На натпреварот задолжително е мерењето на време со уреди кои измерените времиња ги запишуваат на контролна трака со точност од 1/1000 секунда. Мерењето на време ќе се одвива исклучиво со лиценцирана мерна екипа.

**Казнување**

Член 18.

**Исклучување:**

- секоја неправилност, прекршокј или неспортско однесување на натпреварувачот по одлука жирито.
- позитивен наод од тестирањето на дрога и/или алкохол.
- примање на недозволена помош (гледачи, возачи, натпреварувачи, судии). Времето постигнато во тоа возење нема да се --земе во обзир. Возач-ицицата нема да биде исклучен од целиот натпревар, туку може да учествува во останатите возења. --Ако истата неправилност се повтори во две возења ќе се смета како да возач-ицата се одкажал од понатамошното натпреварување.

Ако возач со возилото го напушти паркот за возачи пред објавувањето на привремените резултати односно времето за вложување на приговор на техничката исправност на возилото.

**Временски казни:**

- секоја 1/1000 сек. 1 КБ
- срушен или поместен чун 2000 КБ
- неправилно поминување низ порта 20000 КБ
- кратење на стазата (стекнување на предност) 10000 КБ

**Парични казне:**

- задоцнување на технчки прием до 30 минути 1.500,00 денари
- задоцнување на технчки прием до 60 минути 3.000,00 денари
- повеќе од 60 минути / пропишува организаторот на натпреварот
- неистакнување на незадолжителните реклами на организаторот на натпреварот 3.000,00 денари
- газеćи слој гума мањи од 2 мм (тијеком натјецања) 200,00 кн
- неприсуствување на састанокот на возачи 1.500,00 денари
- барање за менување на класа или возило, на ден на натпреварот 1.500,00 денари
- стартен број кој не е во склад со Член 7. 1.500,00 денари
- недостаток на подметнувач под натпреварувачкото возило 1.500,00 денари

Паричните казни кои ги изрекува директорот на натпреварот, со одобрение на жирито, според одредбите од Член 6. од Правилникот за дисциплинска и материјална одговорност, не можат да бидат помали од **1.500,00 денари** ниту поголеми од **10.000,00** денари.

Организаторот е задолжен целиот износ уплатен по тој основ да го уплати на жиро-сметка на АФМ.

**Приговори**

Член 19.

Приговорите се поднесуваат според **Член 89.** од Правилникот за автоспорт.

**Објава на резултати**

Член 20.

Резултатите (минимална големина А4 формат) се објавуваат на огласната табла, со овој редослед:

**Информативни**

Остварено **време** во вкупен редослед од тренинг возењето, најдоцна до 20 минути до стартот на првото возење.

Остварени **резултати** во вкупен редослед во поедино возење, најдоцна 10 минути до стартот на идното возење.

**Привремени**

Привремени резултати мораат да бидат објавени најдоцна едан саат по завршување на натпреварот.

Привремени резултати мораат да бидат објавени по пат на тотализатор.

Тотализаторот мора да садржи име и презиме на возачот, стартен број, назив на клубот и припадност на тимот за кој се натпреварува, постигнато време, пенализирани чунови и криво прејдени порти со назнака на позициите каде се случила неправилноста, како и сите тоа мора да биде собрано и претворено во бодови.

Така прикажан тотализатор мора да биде изрботен за секоја група посебно, вкупен редослед посебно, вкупен редослед на Јуниори посебно, вкупен редослед на возачици посебно, редослед на тимови и екипи на клубови посебно.

**Финални:**

Финални резултати мораат да бидат објавени најмногу еден саат по завршување на последната седница на жири.

Финалните резултати мораат да бидат објавени по пат на тотализатор.

Тотализаторот мора да садржи име и презиме на возачот, стартен број, назив на клубот и припадност на тимот за кој се натпреварува, постигнатото време,

пенализираните чунови и погрешно поминатите порти со назнака на позицијата каде се случила неправилноста, како и се тоа мора да биде собрано и претворено во бодови.
Така прикажан тотализатор мора да биде изработен за секоја група посебно, вкупен редослед посебно, вкупен редослед на Јуниори посебно, вкупен редослед на возачици посебно, редослед на тимови и екипи на клубови посебно.
Обврска на организаторот е да по последната седница на жирито, а пред доделувањето на награди, ги истакне финалните резултати, како возачите би имале увид во евентуалните промене доколку било приговори на привремените резултати.

## Награди

Член 21.

Обврска на секој организатор на натпревар е да во склад со одредбите на овој Додаток правилник за АВТОСЛАЛОМ, додели награди за возачите, тимовите и екипите на клубови кои учествувале на тој натпревар.
Наградите се доделуваат за следниот редослед:
- возач-ицата од 1 до 3 место во класа-пехар (доколку во класата има помалку од 3 возила, пехар добива само победникот)
- возач-ицата од 1 до 3 место во вкупен редослед-пехар
- возачиците 1 место во вкупен редослед-пехар
- возач-иците до 23 год. старост 1 место во вкупен редослед-пехар
- тимовите за освоено 1-3 место-пехар
- екипите на клубови 1-3 место-пехар

Ако во поједина класа, конкуренција возачицата и возач-ицата до 23 години старост, настапуваат помалку од пет возач-ици ќе се награди само првопласираниот.

## Завршни признања

Член 22.

По завршуваето на натпреварувачката сезона АФМ ќе додили почесни награди за вкупни резултати остварени во натпреварувачката сезона.
- возач-ицата од 1 до 3 место во класа (статус државен првак) - пехар
- возачици од 1 до 3 место во вкупен редослед (статус државен првак )- пехар
- возач-ицата од 1 до 3 место во вкупен редослед (нема статус државен првак) - пехар
- возач-иците до 23 год. старост од 1 до 3 место во вкупен редослед (нема статус државен првак) - пехар
- тимови за освоено од 1 до 3 место пехар
- екипи на клубови од 1 до 3 место пехар

## Екологија

Член 23.

На организаторот му се налга да го вложИ сиот можен напор како би го заштитил подрачјето на изведување на натпреварот од онечистување.
Посебна грижа треба да се обврне на онечистување на моторните масла, маслото за кочници и останатите нафтени деривати. Во таа сврха потребно е да се припремат посуди, истите адекватно да се означат и да се организира нивно празнење на еколошки прифатлив начин. Во припремата и изведувањето на натпреварот, каде што е можно, да се настојува да се користи биолошки разградиви материјали за еднократна употреба или материјали погодни за рециклирање. Со пригодни известувања да се упатат учесниците во натпреварот како и гледачите за потребата од чување на околината како И со тоа да се допринесе за еколошката свест.

**Задолжителна** употреба на подметнувачи под натпреварувачите возила со минимални големини од 3 x 4 м, а квалитетот на подметнувачите мора да биде таков да истиот не пропушта масло и погонско гориво.

**Завршни одредби**

Член 24.

Право на толкување на овој Додаток на натпреварувањето е во надлежноста на жирито на натпреварот. Право на толкување на овој Додаток вон натпреварувањата е во надлежност ОАС. Овој Додаток важи за натпреварувачката сезона 2017., а одобрен е на седницата на Одборот за авто-спортови, во Скопје, 21. 12. 2016. годиине.

Автомобилистичка федерација

на Македонија

Одбор за Авто спорт

претседател

с/р Ранко Станојковски